# СТАТИИ-ПРИЛОЗИ

Стјепан АНТОЛЈАК

## ПРВ ОБИД ЗА ОСВОЈУВАЊЕ НА ЈУЖНА ИТАЛИЈА ОД ХРВАТИТЕ И НИВНИТЕ СОЈУЗНИЦИ (околу 642 г.)

Кога Словените односно Хрватите околу 642 година упаднале преку море со бродови во Јужна Италија, тие веднаш се концентрирале врз Беневентанскиот дукат, кој бил под власта на Лонгобардите. Останатите делови од оваа област на Италија со градовите Бари и Таренто биле под власта на Византија и тие при овој напад не претставувале цел на нивното освојување.

Во врска со овој прв словенски храбар воено-поморски подвиг заслужува внимание неговото подетално анализирање, што досега во нашата историографија воопшто не е сторено. При тоа интересни се следните прашања:

1.а) Од каде и во кој правец пошле Словените?;

б) По кој пат минале до Јужна Италија?; и

в) Што биле по народност?

2. Од кој вид биле нивните бродови со кои успеале да се превезат до таму?

3. Како биле наоружани и колкав приближно бил нивниот број?

4. Како го извеле нападот врз Беневентанскиот дукат и што претставувало нивна цел?

### 1.

а) Познато е од Прокопиј и останатите византиски писатели дека Словените продреле на Балканот уште во VI в. и со текот на времето ги колонизирале неговите одделни делови.

Така, според хрониката на Исидор Севилски (во 636 г). Словените ја зазеле „цела Грција", која поточно е Илирик,[1] во почетокот на петтата година од владеењето на царот Ираклиј (610—641). Таквата Грција, вели Исидор, е составена од седум провинции, од кои прва на запад е Далмација. Тој дури наведува дека се верува дека Далмација го носи името според најголемиот град во оваа покраина „Делми" и ги опишува нејзините граници. На исток граничи со Македонија, на север со Мезија, на запад со Истра, а на југ со Јадранското море, кое уште се нарекувало и далматинско[2].

Подоцнежниот византиски цар-писател Константин II Порфирогенет, пред да мине на прикажувањето како Далмација била освоена од словенските народи (Σκλαβινῶν ἐθνῶν), кажува дека во старите времиња Далмација започнувала помеѓу Драч или Бар, достигнувала до планините на Истра и се ширела до Дунав,[3] што го кажал исто така и самиот Исидор Севилски. Значи на овој широк појас од горите на Истра до Драч или Бар, Словените со времето ги формирале своите Јадрански Склавинии,[4] слични на тие во Македонија и продолжиле со своите натамошни освојувања на копнено-островските предели, кои останале ненаселени.

Но со Словените своевремено дошле во Далмација и Аварите, кои ги протерале Романите од Хрватска и Србија, како што тие се нарекувале во времето на Константин VII.

Бидејќи тогаш овие предели останале пусти, како што пак вели Порфирогенет, Хрватите по заповед на царот Ираклиј ги истерале Аварите по повеќегодишни борби од тие предели и се населиле на тие подрачја, кои ги задржале и во времето на Константин VII. Но кога дел од тие Хрвати, кои стигнале во Далмација, се одделиле и минале во Илирик и Панонија и ги запоседнале,[5] станува јасно дека делови од Далмација останале пусти и празни.

Бидејќи дури по Хрватите на Балканот стигнале во значително помал број Срби, на нивна молба, според Порфирогенет, истиот цар Ираклиј им ги отстапил од Аварите опустошените предели како што биле Србија, Паганија, земјата на Захумјаните, Травинија и областа на Конавјаните, за во нив

1) Sancti Isidori Hispalensis episcopi Chronicon, J. P. Migne PL 83, Parisiis 1850, 1056.

2) Sancti Isidori hispanensis episcopi Etimologiarum libri XX, J. P. Migne PL 82, Parisiis 1859, 505, 485.

3) Fr. Rački, Dokumenta historiae chraoticae periodum antiquam illustrantia, MSHSM VII, Zagrabiae 1877, 267, 268.

4) В. поопширно: S. Antoljak, Unsere Skhavinien, Actes du XII<sup>e</sup> Congrès international d'études byzantines, Ochride 10—16 septembre 1961, II, Beograd 1964, 9—13.

5) RD, 271, 272, 271. В. поопширно: S. Antoljak, Hrvati u Karantaniji. Prilog seobi Hrvata iz Dalmacije u prekosavske krajeve u 7 stoljeću, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје 9, Скопје 1956, 15—58.

да се населат. На тој начин тогашна Хрватска се протегала дури од Цетиње до Лабин во Истра, а покрај сите овие предели во времето на Ираклиј слабо населена била и Дукља.[6]

Во овие земји, кои биле делови од старата римска Далмација и каде што Романите и покрај аварско-словенските продори и постојаните доселувања на тој дел на Балканот останале во приморските градови, секако владееле Словенските архонти,[7] кои во зависност од политичко-воените услови ја признавале, повеќе или помалку, врховната власт на царот во Цариград.

Меѓу тие Јадрански Склавинии, поради својата посебна положба, Хрватска заземала истакнато место и Хрватите во I половина на VII. век успеале војнички да се организираат и на копно и на море и на тој начин да ги извршат сите подготовки за големиот прекуморски подвиг[8].

б) Прашањето по кој пат се движеле тие „Словени" чии водачи секако биле Хрватски архонти, во нашата историографија досега не е обработувано.

Одговорот на тоа прашање го дава Порфирогенет, кога опишува одделни градови на копното и островскиот дел на Далмација. Така тој вели дека островите што припаѓале на Далмација се мали. Но тие се така бројни и чести сѐ до Беневент, што бродовите во тој дел не треба да се плашат од никакво невреме. Понатаму, од овие острови Константин VII на прво место го наведува островот Крк, па потоа Раб и Осор, како и Вергад, кои и во X в. биле населувани, а потоа набројува цела низа острови (претежно во околината на Задар) кои биле пусти и ненаселени[9].

Значи, по овој, според својата природа поморски пат, пошле Словените во наведениот подвиг во Јужна Италија. Тој островски архипелаг всушност бил посипан со острови и претставувал природен мост помеѓу нашата обала и јужното италијанско копно.

в) Со други зборови, под водство на Хрватите и останатите словенски племиња, кои ја сочувале поморската традиција од својата прататковина, поминале токму по овој зацртан пат и стигнале во Беневентанскиот дукат, поточно до пред градот Сипонт.

---

6) RD, 274, 400, 408, 409.

7) RD, 328, 338, 339.

8) Попариќ смета дека Хрватите многу порано дошле во овие земји и дека „во времето на првата поморска експедиција на Хрватите, во 642 година... внатрешните односи во државата Хрватска беа веќе поприлично уредени...". Хрватите значи „уште кон средината на VII век имале сопствена воена морнарица на Јадранското море" (B. Poparić, O pomorskoj sili Hrvata iz doba narodnih vladara, Zagreb 1899, 46), што сметаме дека е сепак малку претерано.

9) RD, 404.

Навистина Павле Ѓакон пишува дека тоа биле само „Sclavi"[10], меѓутоа познато е дека под тој назив на Јадранската обала се подведувало мнозинството од населението, кои се нарекувале Хрвати[11].

Од тие причини нашиот заклучок ќе биде поисправен ако тврдиме дека иницијаторите и извршителите на оваа воено-поморска експедиција секако биле Хрвати, на кои им се при-

---

10) RD, 276.

11) Фрањо Рачик, цитирајќи ја хрониката на Павле Ѓакон, вели дека „за чудо, едвај Словените успеале да ја запоседнат источната обала на Јадранското море, кога 'мноштво бродови' препловија во јужна Италија и го опседнаа Сепонто во беневентанското војводство (642)" (Fr. Rački, Nutarnje stanje Hrvatske prije XII. stoljeća, Rad JAZU CV, Zagreb 1891, 237). Б. Попариќ го коментира овој наслов (име) Sclavi кај Павле Ѓакон со тоа што смета дека е одвишно да се објаснува „бидејќи од источниот брег на Јадранското море навистина не можеле да минат во Италија други Словени освен Хрвати". B. Poparić, op. cit. 44 zab. 2). Шишиќ 1925 смета дека тоа биле „некои приморски Словени — не може точно да се каже каде живееле — кои успеале да го минат морето и да ги нападнат јужноиталијанските Лангобарди". F. Šišić, Povijest Hrvata u vrijeme narodnih vladara, Zagreb 1925, 286). Кога во 1962 година излезе од печат дополнетото издание од Шишиќ „Pregled povijesti Hrvatskog naroda", што го уреди П. Шидак, во него повеќе немаше ниту еден збор за овој подвиг на Словените од 642 година, Затоа пак Шишиќ додал дека „меѓу годините 630 и 640" се пробиле „оружени чети Хрвати од нивната татковина Бела Хрватска... во Панонија и Римска Далмација, па совладувајќи ги Аварите, завладеаја со тие предели. Хрватите биле дел од словенските Анти...", додава кон тоа Ф. Шишиќ (Pregled povijesti Hrvatskog naroda, MH, Zagreb 1962, Priredio J. Šidak, 76). Значи Шишак го исфрла навлегувањето од 642 година од определени причини, кои во ова дело не ги наведува. И помалку е чудно како тоа не го забележале ниту Баради ниту Шидак, кој со посебно внимание го подготвил овој „Преглед". К. Јиречек опишува како „околу 642" со мноштво бродови „Словените" презеле поход против долноиталијанските Лангобарди и „се искрцале во близината на Монте Гардано кај Сипонт", па прикажува како по смртта на Ајо, Радоалдо неговиот наследник презел „ненадеен напад" кој му „донесе победа, а останатиот дел од Словените побегнаа преку море. (K. Jireček, Istorija Srba, I, Prevel J. Radonjić, Beograd 1978, 50). Г. Новак пак 1932 сметал дека „некои од Словените уште во 642 г. 'со мноштво бродови' го минале Јадран и се истовариле кај градот Сипонт (денешна Манфредонија), очигледно со намера да пљачкосуваат, но беа потиснати" (G. Novak, Naše more, Zagreb 1932, 63). Vo 1962 година Г. Новак пак изнесува дека не може „точно да се каже" кои биле тие „Словени" што ги опишал Павле Ѓакон. „Најверојатно тоа биле тогаш ратоборните Хрвати, но би можеле да бидат и некое друго храбро словенско племе, кое организирано собрало „мноштво бродови" и како организиран збир од воини минале на другата обала на Јадран во Јужна Италија" (G. Novak, Ratovi i bitke na Jadranskom moru, Pomorski zbornik I, Zagreb 1962, 177). Д. Кечкемет, пак служејќи се делумно со Павле Ѓакон вели дека тој „наведува оти Хрватите (sclavi) во 642 г. на мноштво бродови „ги превезле своите чети на италијанската обала, во беневентанското војводство, каде што се истовариле и улогориле под градот Сипонт, денешна Макфедонија" (D. Kečkemet, Naša stara pomorska ikonografija, Pomorski zbornik I, 559).

дружиле уште некои словенски племиња[12] од Јадранските Склавинии. Тоа биле во прв ред воинствените Неретјани кои управувале со главните Јадрански острови (Мљет, Корчула, Брач, Хвар)[13] и на тој начин вршеле контрола и надзор на овој дел од морето помеѓу двете обали.

## 2.

Познато е дека Словените т.е. сите словенски племиња коишто во својата прататковина живееле покрај обалите на големите реки, познавале само еден вид превоз, а тоа биле моноксилите или чамците. Тие, како што опишува Приск, се правеле од исечено или издлабено дрво (стебло), а служеле за превезување преку реките. Но веќе од втората половина на VI. в. Словените, присилно придружувани од Аварите од Горна Панонија и на Дунав, од бродовите (чамците) и сплавовите прават дури и воени бродови. Тоа посебно дошло до израз во времето кога Каганот го опсадувал Белград (593). Тогаш, според неговите наредби Словените изградиле мноштво пловни објекти, меѓу нив и некој вид чамци ἐπακτρίδων), со кои ја минале Сава. Тој и во долните теченија на Дунав имал исто така силна речна флотила, составена од моноксили и посебен вид чамци (ἀκατίοις) тнр. rex Musokii (594). Моноксилите посебно дошле до израз за време на опсадата на Цариград од страна на Аварите и Словените (626).

Исто така и Mirakula s. Demitrii II, кога го прикажува пиратството и пљачкосувањата на словенските племиња низ Егејското и Јонското море, како и нивното подготвување да го освојат Солун (614—616) наведува дека изградиле чамци (νῆας), издлабени од стебла и се наоружани со мечеви и копја. На друго место, во врска со истата опсада на овој град, во Miracula II, тој вид чамци се наречени „варварски бродови" односно βαρβάρων καυκέλλας.

Кога пак царот — писател Лав I Мудри (886—912) во својата „Тактика" препорачува каков вид дромони (мали и големи) треба да изградуваат Византијците во својата тактика кон

---

12) Г. Новак 1932 (Naše more, 63) без било какви изворни докази едноставно пишува „дека бродовите на кои овие Словени го минале Јадран, како и целата бродска посада на нив, биле повластени староседелци од источниот брег, потомци од старите Илири и Романи" 30 години подоцна опишува како „веќе 642 година" минуваат „Јужните Словени" преку Јадранското море „со мноштво бродови" и се истоваруваат кај Сипонт, борбено опремени и со намера да пљачкосуваат. Не тврдиме дека бродовите со кои го минале Јадран сами ги направиле, како ни тоа дека на нив тие биле капетани и морнари. Повеќе е од веројатно дека тоа биле покорени староседелци, Илиромани, го завршува своето размислување Г. Новак (Naše more, Pomorski zbornik I, XII).

13) RD, 406.

непријателските народи, тој ја споредува опремата на пловните објекти кај Сарацените и Словените. Така, сараценските галии (κου μβαρίος) се големи, долги и бавни, додека „скитските“ (словенските) чамци се мали и лесни, подвижни и брзи. Причината за тоа е што тие низ реките се спуштаат до Црно Море и затоа, вели при крајот Лав VI, не можат да користат поголеми бродови[14].

Со други зборови, Словените и останатите, како што веќе видовме, знаеле да прават и големи бродови, меѓутоа моноксилите во определен временски период кај нив сепак биле доминантни.

Кога Словените, а потоа и Хрватите дошле на Јадранското море, тие знаеле да прават моноксили и други видови помали и поголеми бродови[15], кои биле наоружани и служеле за напад или опсада на градови.

По своето доселување на Јадранското море тие наишле на бродови, со кои дотогаш се служеле Романските приморски градови, а имало и воени бродови во служба на Византија.

Кога Павле Ѓакон го опишува нападот на Словените на Сипонт (околу 642 г.), пишува дека тие во Беневентанскиот дукат пристигнале со голем број бродови (navium), додека во Еинхардовите анали пишува за воен поход на Бугарите низ Драва, исто така со „navibus“[16]. Кога Иван Ѓакон, венецијански хроничар во служба кај дуждот Петар II Орсеол (991—1009), зборува за упаѓање на Венецијанците во „Sclaveniam”, односно во област на хрватската држава (839/840) наведува дека таму пошле со „bellicosis navibus”, односно со воени бродови. Истиот писател укажува и дека „naves Veneticorum“ кои се враќале од Сицилија, биле на излезот од јадранскиот залив фатени од Арапите (842/3).

Во истиот век Иван Ѓакон за венецијанските бродови постојано го употребува изаразот „naves“, за кои, на едно место вели дека Венецијанците ги нарекуваат „gumbarias“ (948), а само еднаш зборува за мал венецијански број (parvam naviculam) со 14 луѓе и неговите воени операции во подрачјето на Истра (872), каде што Словените го уништиле.

Таков брод (navicula) поседувал и манастирот Св. Кршеван во Задар (1096) и тој му служел како превозно средство

14) Vizantiski izvori za istoriju naroda Jugoslavije I, Posebna izdanja Vizantološkog instituta SAN CCXLI/3, Beograd 1955, 13, 14, 92, 93, 112, 114, 115, 148, 149, 156, 164—168, 171, 172, 188—193. 262.

15) — Рачки вели дека во тоа што овие бродови „биле градени дома нема сомневање, а шумите, што ги покривале хрватските планини, пружаа неисрпна граѓа за нивното градење“ (Fr. Rački, Nutarnje stanje Hrvatske prije XII stoljeća, Rad JAZU CV, 238).

16) RD, 276, 334.

за околните острови. Исто така и задарскиот приор Андрија (918) поседувал сопствен брод (naue) како и задарските трговци, кои допловувале дури до Палестина (1022—28)[17].

Според Константин VII Порфирогенет (912—959) Хрватите имале 80 сагени со по 40 луѓе и 100 кондура (κοντούρας). Поголемите од овие кондури имале по 20 луѓе, а помалите по 10[18]. Покрај овие кондури и сагени имале и бродови, кои што исто како и првите им служеле за трговија низ Јадранското море и тој вид бродови Порфирогенет ги нарекува ἐμπορευτικὰ πλοῖα додека во изворите на латински јазик таквиот трговски брод во Сплит бил нарекуван „navigia" (1069). Со сагени се служеле и Неретјаните, како што тоа изречно го пишува царот—писател, а од приморските градови Сплит бил должен, кога ќе дојде дуждот со бродови во овој град, да му стават на располагање „saginam uel duas galleas" (1097)[19].

Во врска со ова интересен е и податокот на Порфирогенет, кој наведува дека жителите на Дубровник превезле во Јужна Италија, во Бари кој бил под власт на Арапите (871) Хрвати и други архонти на Словените на своите бродови, што тој ги нарекува „καραβίων", а Рачки ги преведува како „navibus"[20].

Вилхелм Апулски пак, во своето поетско дело за Роберт Гвискард опејува како на тој војсководител му се придружиле „Dalmaticas naves", додека Рачки тоа погрешно го препишал како „Dalmatias naves". Во врска со самата експедиција на Роберт, интересно е и тоа што Вилхелм зборува како тој владетел го манал Јадранското море со „decies et quinque liburnis"[21], што укажува дека и јужноиталијанските Нормани се служеле со овој вид бродчиња како и градовите на Далмација.

Таквите бродови без оглед на тоа дали се арапски или руски Порфирогенет ги нарекува со истото име „καραβαίων", Сепак за тој ист вид руски бродови постои и изразот „οὐσίαι", на кои што им било определено да се стационираат во Епир и во Далмација (949)[22].

17) RD, 335, 355, 400, 365, 176, 18, 435.

18) Попариќ смета дека хрватските сагени биле како средновизантиските дромени, кои имале по 100 веслачи, а дека кондурите можеле да имаат и тоа: поголемите по 80, а помалите по 60 веслачи. На тој начин бројот на веслачите би достигнувал „барем 15.000, па севкупниот број на хрватските војници во воената морнарица би можел да изнесува најмалку 20.000" (B. Poparić, op, cit., 69). Но и таквиот број е произволен.

19) RD, 398, 417, 77, 406, 178.

20) RD, 348.

21) S. Antoljak, Miscellanea mediavealia adriatico—croatica. Adriatica maritima Instituta JAZU u Zadru 1, Zadar 1974, 279, 280 i zab. 13.

22) RD, 347; Constantini Porphyrogeniti De cerimoniis aulae byzantimae liber secundus, J. P. Migne PG CXII, Parisiis 1864, 1223, 1232 итн.

И најпосле, Тома Архиѓакон (1200—1268) опишувајќи го крвавото освојување на Салона по Словените укажува како оттаму многу негови римски граѓани побегнале на блиските острови со „navibus", додека одбрани римски момчиња—војници „armatis liburnis"[23] покрај обалата на Далмација започнале со такви убиства и пљачкосувања што никој од Словените немал храброст да пријде кон морето[24].

Од овој кус преглед може да се заклучи следното: Словените односно Хрватите заедно со жителите од одделните Јадрански Склавинии, а исто така и од Паганија или Неретјанската Склавинија, се послужиле за тоа инвазиско минување преку морето до Беневенто со новоизградени моноксили, кои биле спретно направени и оспособени за пловидба и борба на море. Тоа поточно се сагени и кондури[25], за кои зборува Порфирогенет, додека западните писатели едноставно ги нарекуваат „naves".

## 3.

Наоружувањето на Словените т.е. Хрватите и нивните сојузници било, како што веќе укажавме, исто како и кај Македонските Словени и тоа се состоело од мечеви и копја. Дали такви воени орудија користеле и во тој предел на Јужна Италија, покрај тнр. „occultas foveas" (сокриени дупки), од компаративните изворни податоци може само да претпоставуваме.

Секако дека овие напаѓачи во сè им биле дораснати на воинствените Лангобарди. Тие, судејќи по сè, биле помалубројни од Лангобардите и слично на нив наоружани. Од порано го познавале начинот на војувањето на Лангобардите против Словените во Истра.

## 4.

Подвигот на лангобардскиот беневентански дукат го извеле Хрватите заедно со уште некои словенски племиња, според Павле Ѓакон на следниот начин.

---

23) Изидор Севиљски вели: „liburnae dictae a Libyis; naves enim sunt negotiatorum. De quibus Horatius: Ibis liburnis inter alta navium..." (Sancti Isidori hispanensis Etimologiarum libri XX, J. P. Migne PL 82, 664).

24) RD, 279.

25) Б. Попариќ пишува дека „... Томиславовите борбени сагени и кондури не се разликуваа многу од царските римски либурни" за кои Флавије Вегетије вели дека најмногу се градат од чемпресовина, боровина, елковина и омориковина, а одделните делови се спојуваат со медени клинци, бидејќи тие отстојуваат на корозијата, а железните брзо кородираат (B. Poparić, O pomorskoj sili Hrvata..., VIII, 11 i zab 1).

Имено, педесет години „војвода на Беневента“ бил Аришис, кој својот син Ајо го испратил кај лангобардскиот крал Ротар. Кога овој стигнал во Равена, на патот за Тицин, со измама Римјаните му дале некоја напивка од која тој споулавел. Оттогаш повеќе не се вратил здравиот дух во Ајо. Затоа, Арашис кој бил во прилично поодмината возраст и слутејќи дека деновите му се одброени, а знаејќи дека неговиот син Ајо не е при сосема здрав разум, ги препорачал Радоалдо и Гримоалдо како сопствени синови на присутните Лангобарди, велејќи им дека тие ќе можат подобро да владеат одошто неговиот син Ајо[26].

Но кога Аришис умрел[27] неговиот син Ајо бил поставен за „војсководител на Самничаните“ (Samnitum ductor effectua est) и нему Радоалдо и Гримоалдо како на постар брат и владетел му ја изразиле својата целосна поддршка. Во времето кога Ајо веќе година и пет месеци владеел со Беневентанскиот дукат, дошле Словените[28] со голем број бродови и се улогориле во непосредна близина[29] на градот Сипонт[30].

Тогаш околу својот логор поставиле скриени дупки. Кога Ајо, во отсуство на Радоалдо и Гримоалдо пошол против нив со намера да војува, неговит коњ пропаднал во една таква дупка. Врз него се нафрлиле Словените и го отепале заедно со останатите негови луѓе. Кога тоа му го јавиле на Радоалдо, тој веднаш се упатил кон назначеното место и започнал разговор со Словените на нивниот јазик. Поради тоа ги омлитавел за борба, и наскоро ги нападнал и ги уништил во голем колеж, осветувајќи го на тој начин Ајо, а останатите ги принудил на бегство од тие предели[31].

---

26) Pauli diaconi Historiae Langobardorum, Scriptores rerum germanicarum in usum scholarum sv. 31, Hannoverae 1879, 170, 169, 170.

27) Фр. Кос пишува дека Arichis умрел „околу 1641“ (Fr. Kos, Gradivo za zgodovino Slovencev v srednjem veku I, Ljubljana 1902, 213, zab. 1).

28) Кос вели дека „ti Slovani so bili brez dvoma predniki sedanjih Srbohrvatov, ki žive po Dalmaciji" (Fr. Kos, op. cit. I- 213, zab. 2). К. Јиречек пак пишува дека „Овие Словени, веројатно (С. А), дошле од Далмација“ (K. Jireček, Istorija Srba I, 59).

29) Б. Којиќ, цитирајќи го делото на Павле Ѓакон, вели дека „Словените“ уште 642 г. „значи само што се сместиле на Јадран“ со мноштво бродови го минале Јадранското море по целата негова широчина (С. А), Br. Kojić, Brodogradnja na istočnom Jadranu, Pomorski zbornik I, 77), што пак во наведениот извор не пишува така.

30) Попариќ „покрај непобитните сведоштва. заклучува „дека знамето на банската морнарица се веело пред Сипонт" (С. А.) во беневетанското војводство во половината на VII век“ (B. Poparić, op. cit., 223), што секако е резултат на неговата фантазија.

31) Поради одредени мали несогласувања на текстот на овој пасос кај Рачки со тој што е објавен во „Scriptores rerum germanicarum", го приведуваме вториот пречистен текст, кој гласи: „Defuncto ergo Arichis, qui ducatum quinquaginta tenuerat annis, Aio cum iam (S. A.) anno et mensibus quinque Beneventanorum (S. A.) ducatum regeret, venientes Sclavi cum multitudine navium non (S. A.) longe a civitate Seponto cestra po-

Од овој изворен текст е очигледно дека Словените, т.е. Хрватите непречено се истовариле кај Сипонт, бидејќи Лангобардите немале соодветни бродови да им се спротивстават. Исто така се чини дека овој упад е толку вешто изведен, што Ајо за него дознал дури откако Словените се улогориле и утврдиле во непосредна близина на наведениот град, во средиштето на Ајовиот дукат. Понатаму, Ајо кој бил умно болен и без своите советници Радоалдо и Гримоалдо, па според тоа и неспособен да владее и да биде војсководител, едноставно попаднал во вешто поставената замка, која Словените ја камуфлирале, па своето невнимание го платил со својот живот, што и хрониката на Св. Бенедикт сосема накусо го забележала[32].

Но затоа пак, кога за оваа катастрофа дознал Радоалдо, веднаш се упатил на боиштето и воинствените Словени — Хрвати ги изненадил со тоа што започнал со нив да разговара на нивниот јазик. Тој јазик го знаел од порано, бидејќи во Северна Италија бил во постојан контакт со Словените[33], со кои Лангобардите, како што пак пишува Павле Ѓакон, заеднички палеле и пљачкосувале по Истра (600)[34]. Но на просторите на Северна Италија Лангобардите доаѓале и во судири со Словените, за што исто така детално пишува веќе наведениот лангобардиски писател. Навистина Радоалдо со својата досетливост ги изненадил Словените, кои потоа ги нападнал и успеал де-

---

suerunt, Qui occultas foveas circa sua castra facientes, cum Aio super eos, absentibus Raduald (S. A.) et Grimoald (S, A.), venisset, eosque dobellare vellet, equus eius in unam de eisdem foveis cecidit, atque inruentibus (S. A.) super eum Sclavis simul cum aliquantis viris (aliis: Fr. Kos, o. c. I, 214) extinctus est. Quod cum Raduald nuntiatum (S. A.) fuisset, cito veniens eisdem Sclavis propria lingua locutus est. Cumque eos (S. A.) propter hoc segniores ad bellum reddidisset, mox super eos irruens (inruens: Fr. Kos, o. c. I, 214), magnaque eos strage (S. A.) prosternens, et Aionis mortem ultus est et de illis finibus eos qui remanserant hostes fugam petere coëgit.." (Pauli diaconi ... Scriptores rerum germanicarum 31, 170).

32) Еве што тој вели: „Iste (односно Аио) dimicavit cum Sclavis ad Aufidum (денес реката Афанто); et interfecerunt illum per imgenium" (Chronica s. Benedicti, Pertz, Mon. Germ. V, SS III, 200: RD, 276).

33) Радоалдо бил син на фурланскиот војвода Гисулфо и тој, според Кос, без сомневање во својата младост во Чедад научил словенски. Бидејќи тој го познавал јазикот, лесно можел да разговара со словенските чети, кои преку Јадранското море дошле во Апули. Разликата меѓу хрватскиот и словенечкиот ни денес не е особено голема, вели на крајот Кос а „u sedmem stoletju po Kristusu pa je bila še manjša" (Fr. Kos, op. cit. I, 213, zab. 4). Според Шишиќ Радоалдо е брат на Ајо (F. Šišić, Povijest Hrvata u vrijeme narodnih vladara, 286), што не е точно. Што се однесува до задолженото познавање на словенскиот јазик, Шишиќ го цитира тој податок од Павле Ѓакон и наведува дека Радоалдо дошол од фурланското кнежевство, значи од непосредното словенско соседство, па затоа и лесно можел да го познава словенскиот јазик" (F. Šišić, op. cit., 287, zab. 44). К. Јиречек наведува само тоа дека Радоалдо, син на херцегот Гисулф од Фурланија „зборувал" со Словените на нивниот јазик, „што судејќи по се го научил во Фурланија, па на тој начин ги залажувал" (K. Jireček, Istorija Srba I, 59).

34) RD, 258.

чумно да ги порази. Сепак останатиот дел од Словените успеале да се повлечат од тие предели и со неоштетени бродови се вратиле назад во својата земја.

Секако тој пораз не бил катастрофален, бидејќи Радоалдо, според описот на Павле Ѓакон, имал доста маки додека напаѓачите ги протерал од Беневантанскиот дукат, со кој по смртта на Ајо управувал уште пет години, додека неговиот брат Гримоалдо управувал со „Самначанскиот дукат" дваесетипет години[35].

И така тие наши први поморски освојувачи по неуспехот на својот голем потфат, стигнале во своите Склавинии, каде што својата воена вештина ја усмериле на Јадранското море против Венеција. Меѓутоа, тие никогаш не го заборавиле своето неуспешно минување и поразот, така што истото го повториле и во 926 г., многу подобро подготвени под водството на Михаило Вишевиќ, кнез на една од Јадранските Склавинии. Тогаш Словените, под водството на кнезот Михајло го зазеле, опљачкале и уништиле Сипонт и непречено се вратиле назад[36].

Сепак од изворите не може да се дознае што во крајна линија сакале Словените, т.е. Хрватите околу 642 г. како и тие под водството на Вишевиќ во 926. г. во овие делови на Италија.

Може само да се претпоставува, со оглед на тогашните политички прилики, дека овој напад (околу 642 г.) не бил извршен од Хрватите и нивните сојузници во договор или поттикнати од Византија, која и немала ништо против еден таков напад.

Иако таквиот поход бил од полза на Цариград, тој сепак од својата јужноиталијанска воено-административна база не се определил за ниедна страна ниту пак пружил помош, туку стрпливо чекал на резултатот од таквата инвазија, која сепак се завршила во полза на Лангобардите во Беневент.

Не може ништо определено да се каже ниту за улогата на папската курија во оваа словенска акција. Јасно е дека папата не можел да остане индиферентен на овој напад, бидејќи Лангобардите во Италија постојано ја загрозувале неговата егзистенција. Меѓутоа, да се прават некакви комбинации, како што тоа го прави Шишиќ (1925)[37] сепак е несигурно.

Секако оваа воена акција е изведена по доаѓањето на пратеникот на папата Иван IV (640—642) во Истра и Далмација[38]. Тогаш Словените покрај Јадранското море, па и Хрватите, сеуште не биле покрстени, иако Порфирогенет пишува дека во времето на царот Ираклиј се покрстиле и ја потпишале обвр-

---

35) Pauli diaconi..., Scriptores.., 31, 171.

36) S. Antoljak, Miscellanea mediaevalia adriatico—croatica, Adriatica maritima JAZU u Zadru 1, 272—276.

37) F. Šišić, Povijest Hrvata...., 287.

38) RD, 277.

ската од Папата, што тој им ја наметнал по покрстувањето — дека никогаш нема да навлегуваат во туѓи земји за да војуваат[39].

И додека во првиот напад Сипонт не бил оштетен[40], во вториот бил сосема уништен.

Сепак тоа се само воени походи одбележани во историските извори, со кои ништо не е постигнато.

Со првиот напад (и со вториот) Хрватите се запишани само како поморски пирати со нејасни цели на делување[41] во областите на Јужна Италија. Тоа нè потсетува, како што пишува еден постар извор, и на походот на Словените од Грција уште во 623 г., кога презамале пљачкашки походи на море сè до Крит[42], каде што дури и се истовариле[43].

Нивниот подвиг бил рамен на оној од околу 642 година, што го извеле Хрватите и некои околни словенски племиња од своите поморски бази — Јадранските Склавинии.

(Превел од хрватско-српски јазик
Јован С. СТОЈАНОВСКИ)

---

39) Vizantiski izvori zi istoriju naroda Jugoslavije II, Posebna izdanja Vizantološkog instituta SAN CCCXXIII/7, Beograd 1959, 42, 43.

40) Милобар тврди дека од 9 до 14 в. една покраина и апулскиот дел на јужна Италија се викала „Славонија“ (F. Milobar, Diklanska kraljevina, Glasnik Zemaljskog muzeja u Bosni i Hercegovini XI (1899), Sarajevo 1899, 253, zab. 3).

41) Шишиќ смета дека „веројатно, словенскиот напад на Сипонт се случил по налог и желба на царот“, потпирајќи се врз мислењето на К. Јиречек (Gesch der Serben I, 105), кој го тврди истото. „Ако е така тогаш би имале основа да веруваме, дека уште во тоа време, барем некои од приморските Словени, заговарале определени врски со Царството“, заклучува Шишиќ (Povijest Hrvata..., 287 i zab. 45). Меѓутоа, еве што за тоа вели Јиречек: „..., Веројатно, овој поход против Лангобардите бил преземен врз основа на поттикнувањето од страна на Византијците, кои, неколку години подоцна (околу 650) во истата област кај Монте Гаргано ги потиснале Гримоалдо, братот на Радоалдо, а потоа царот Констанс, внук Ираклиев, за време на својот престој во Долна Италија (663—668) заратил против тој истиот Гримоалдо, тогаш лонгобарски крал“ K. Jireček, op. cit. I. 59, 60). Б. Ферјанчиќ пак потпирајќи се врз пишувањето на Јиречек (Die Romanen I, 29 i sl.) за нападот на Словените на Сипонт во 642 г., кој вели дека Византинците водат непрекинати борби против Лангобардите во Италија (Vizantiski izvori... II, 40, zab. 117), што не е точно, се согласува со овој автор и на Јиречек му признава дека „исправно“ (С. А.) претпоставува дека овој напад е извршен во договор со Византија“ (Vizantiski izvori... II, 40, zab. 117).

42) K. Jireček, Istorija Srba I, 56.

43) С. Антољак, Самуиловата држава, Скопје 1969, 158, заб. 658.

Stjepan ANTOLJAK

## FIRST ATTEMPT FOR CONQUERING OF SOUTH ITALY BY THE CROATS AND THEIR ALLIES (ca 642)


### Summary

When the Slavs, i.e. Croats about 642 year by sea entered in South Italy they immediately concentrated themselves on the Benevet's dukat, which was under the Langobard's oppression. The rest of this Italy including the towns Bari and Tarent was under the Byzantine authority and now it became a part of their conquering compaigns.

In the Yugoslav historiography the topic concerning this first Slavic maritime military accomplishment up to now has not been taken into consideration. That is why the author tries to answer the following questions: 1. From where and where these Slavs went; 2. Which way they have taken in South Italy, 3. What was their nationality; 4. What type were their boats; 5. What kind of weapons they possessed and how much appoximately was their number, and 6. How they carried out this campaign in the Benevent's dukat and what was their aim.